**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр.** УП1 11-313
**17.07.2014 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1, алинеја 1, а во врска со член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14) и Извештајот од вонредниот програмски надзор на Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА САТ 2000 ДООЕЛ Охрид бр. 11-3730/1 од 14.07.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради рееемитување на програмски сервис кој не е регистриран во Агенцијата за аудио и аудиовузулени медиумски услуги од страна на Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, в.д. Директорот на Агенцијата на ден 17.07.2014 година го донесе следното:

**Решение**
**за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси**

1. СЕ ОПОМЕНУВА ТРД Оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, **Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА САТ 2000 ДООЕЛ Охрид** заради повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (**„Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14)** сторена на ден 11.07.2014 година, односно поради реемитување на телевизиски програмски сервис кој не е регистриран од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: Viasat Nature.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на **Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА САТ 2000 ДООЕЛ Охрид** веднаш по приемот на ова решение, да го исклучи реемитувањето на следниот нерегистриран телевизиски програмски сервиси, и тоа: Viasat Nature, и да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.

Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 11.07.2014 година, изврши програмски надзор на програмски сервиси реемитувани во аналогниот програмски пакет на операторот **АЛТРА САТ 2000 ДООЕЛ Охрид,** при што констатираше дека е направена повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14), на начин што **Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА САТ 2000 ДООЕЛ Охрид**, реемитувало странски телевизиски програмски сервис кој не е регистиран од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Повредата се состои од реемитување на телевизиски програмски сервис кој не е регистриран од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: Viasat Nature.

Следствено на тоа, а врз основа на член 6, став 1, алинеја 4 , член 20, став 1 алинеја 8, член 23, став 1, алинеја 1 а врз основа на член 23, став 1, алинеја 1, член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Извештајот бр. 11-3730/1 од 14.07.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, в.д Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение за преземење мерка, односно опомена и налог за исклучување на реемитувањето на нерегистрираниот програмски сервис.

Агенцијата му наложи на операторот исклучувањето да го изврши веднаш по приемот на решението и да го усогласи своите работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Исто така, ќе се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали **Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА САТ 2000 ДООЕЛ Охрид**, постапило по налогот односно опомената и престанал со реемитување на програмскиот сервис во својот аналоген програмски пакет, кој не е регистриран во Агенцијата, а е наведен во точка 1 и 2 на ова решение

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**в.д Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1)**

1. Писмен извештај за извршен вонреден надзор бр. 11-3730/1 од 14.07.2014 година

**Доставено до:**

- Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА САТ 2000 ДООЕЛ Охрид;
- Управителот на Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА САТ 2000 ДООЕЛ Охрид ;
- Раководител на Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.